**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за јавни дејности**
**Одделение за социјална, детска и здравствена заштита**

ПРЕТСТАВНИК: **Раководител на Сектор за јавни дејности**

# ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА
за повластено користење на јавниот градски превоз, од страна на лица со попреченост во 2026 година

Скопје, декември 2025 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 202/24), и член 10 став 1 точка 8 алинеја 1 од Законот за Град Скопје ("Службен весник на Република Македонија" бр. 55/04, 158/11) а во врска со член 11, став 1 алинеја 7 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. (104/19, 146/19. 275/19,302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25), Советот на Град Скопје, на ____ седница, одржана на _________________ 2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**
за повластено користење на јавниот градски превоз,
од страна на лица со попреченост во 2026 година

**Предмет на Програмата**

Со оваа програма се утврдува:

- видови на повластено користење на јавниот градски превоз на подрачјето на градот Скопје;
- категории на лица со попреченост кои имаат право на повластено користење на јавниот градски превоз на подрачјето на градот Скопје;
- услови и постапка за стекнување на право на повластено користење на јавниот градски превоз;
- средства потребни за реализирање на програмата.

**1. Видови на повластено користење на јавниот градски превоз**

1.1. Повластеното користење на јавниот градски превоз, во смисла на оваа Програма, го опфаќа правото на:

а) бесплатен годишен билет
б) бесплатен годишен билет со придружба
в) персонализиран годишен билет
г) годишен билет со партиципација.

1.2. Билетите од потточка 1.1. на точка 1 на оваа Програма (во понатамошниот текст: билети) ги издава Јавното сообраќајно претпријатие "Скопје" – Скопје (во понатамошниот текст: ЈСП).

1.3. Билетите важат за сите линии на кои сообраќаат возилата на сите превозници кои вршат јавен градски превоз на подрачјето на градот Скопје.

**2. Лица со попреченост кои имаат право на повластено користење на јавниот градски превоз**

2.1. Лица со попреченост кои имаат право на повластено користење на јавниот градски превоз на подрачјето на градот Скопје, согласно условите и постапката предвидени со оваа Програма се:

- лица со оштетен вид;
- лица со оштетен слух;
- лица со телесно оштетување;
- лица со умерена и тешка интелектуална попреченост;
- лица со комбинирани пречки во развојот и лица со аутистичен спектар на однесување;
- лица со лесна интелектуална попреченост до 26 години;
- бубрежно болни лица под третман на хемодијализа;

2.2 Лицата со попреченост од потточката 2.1 на точка 2 од оваа Програма, го остваруваат правото на користење на билети преку соодветните здруженија на граѓани организирани на подрачјето на градот Скопје.

**3. Услови за повластено користење на јавниот градски превоз**

3.1. **Бесплатен годишен билет** можат да користат инвалидни и болни лица на кои инвалидноста, односно болеста, им е утврдена од надлежен орган и согласно позитивните правни прописи и тоа:

**а) инвалидни лица**

- со оштетен вид кои имаат губиток на видот, најмалку 90%;
- со оштетен слух кои имаат губиток на слухот, најмалку 90% според Fowler-Sabin-овата метода;
- со телесно оштетување кои се заболени од дистрофија и сродни мускулни и невромускулни болести, мултиплекс склероза, миастенија гравис, церебрална парализа, детска парализа и ампутација на рака или нога (оштетување на горните или долните екстремитети), одземеност на една страна на телото и имаат телесно оштетување од најмалку 60%;
- лица со умерена и тешка интелектуална попреченост, лица со комбинирани пречки во развојот и лица со аутистичен спектар на однесување,
- лица со лесна интелектуална попреченост, до 26 години.

**b) болни лица**

- бубрежно болни, доколку се под третман на хемодијализа

3.2. **Бесплатен годишен билет со придружба** можат да користат инвалидни лица на кои во наодот и мислењето издадено од надлежен орган е содржана констатацијата дека им е неопходна придружба или помош и нега од друго лице.

3.3. **Бесплатни персонализирани билети** можат да користат:

- Лични асистенти и лица кои обезбедуваат нега на стари и изнемоштени лица и други лица од социјално ранлива категорија, вклучени во Програмата за активности од областа на социјална, детска и здравствена заштита во Град Скопје.

3.4. **Годишен билет со партиципација** претставува повластен билет во чие финансирање на вкупната цена, учествува Град Скопје со 70% и соодветното здружение на граѓани со 30%. Годишен билет со партиципација можат да користат:

- инвалиди на трудот со загубена работна способност на работното место;
- инвалидски пензионери со загубена работна способност и
- воени инвалиди.

**4. Стекнување на правото на повластено користење на јавниот градски превоз**

4.1. За остварување на правото на повластено користење на јавниот градски превоз во 2026 година, заинтересираното лице со попреченост поднесува барање до здружението на граѓани во кое членува (во натамошниот текст: здружение). Кон барањето мора да се приложи соодветна документација со која се докажува дека се исполнети условите за остварување на правото и тоа:

- копија од лична карта,
- решение, наод и мислење за видот и степенот на психофизичката попреченост издадено од надлежен орган,
- документ за статусот: потврда за редовност (за деца од основно образование), потврда за редовни студенти, потврда за работен однос или потврда за невработеност, решение за стекнување право на инвалидска или трудова пензија.
- изјава за согласност за обработка на лични податоци, потпишана од барателот.

4.2. Здружението, врз основа на барањето и приложената документација, оценува дали барателот ги исполнува условите за добивање на правото на повластено користење на јавниот градски превоз.

За барателите за кои ќе се оцени дека ги исполнуваат условите, здружението составува конечен список на баратели за кои предлага добивање на билети. Конечниот список здружението го доставува до Град Скопје, најдоцна до 22.12.2025 година. Оние кои поради оправдани причини задоцниле (поради болест или отсуство од државата), а претходните години земале билет имаат право на приговор најдоцна до 26.12.2025 година.

Списокот ги содржи следните податоци за барателите: име и презиме, матичен број, адреса и општина на живеење, условите или критериумите што се исполнети за стекнување на правото, како и податок за бараниот вид на повластено користење на јавниот градски превоз.

Здруженијата се задолжуваат да изготват список за члeновите кои претходните години земале билети и со изјава да ја потврдат веродостојноста на списокот без приложување на документи.

Исто така, за новите баратели на билети потребно е да изготват список и да приложат документи од точка 4.1. Затворени во плико, со дознака: *до Одделение за социјална, детска и здравствена заштита - за Повластен јавен градски превоз*, да се достави во Архивата на Град Скопје, барака 16.

4.3. За утврдување на исполнувањето на условите од страна на лицата внесени во списоците доставени од здруженијата, како и за одобрување на добивањето на легитимации, односно билети, Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за стекнување на право на повластено користење на јавниот градски превоз, составена од претставници на Град Скопје и ЈСП. Комисијата има право и должност да ги провери податоците во списоците, да изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со две стручни медицински лица кои ќе се ангажираат и на кои за дадената експертиза ќе им се исплати соодветен надоместок. Врз основа на тоа, Комисијата одобрува добивање на билети и ги информира здруженијата кога може истите да ги подигне и да ги распредели на своите членови.

4.4. Правото на повластено користење на јавниот градски превоз не може да се пренесе врз друго лице.

4.5. Повикот за повластено користење на јавниот градски превоз на патници од страна на лица со попреченост, на подрачјето на Град Скопје во 2026 година ќе биде објавен на ВЕБ страната на Град Скопје www.skopje.gov.mk

**5. Годишен билет**

5.1. Сите видови на годишни билети содржат фотографија, име и презиме на корисникот и одредница дека важат за сите линии.

5.2. Трошоците за изработка на годишната легитимација паѓаат на товар на корисникот.

5.3. Ако корисникот го изгуби билетот, ќе му се издаде нов врз основа на доказ дека изгубениот билет е огласен за неважечки во “Службен весник на Република Северна Македонија” и со партиципација од 50% од вкупната цена.

5.4. Билетот се издава за период од четири години и по истекување на неговата важност истиот се обновува.

**6. Средства потребни за реализирање на програмата**

Средствата потребни за реализирање на оваа програма се обезбедуваат во Буџетот на Град Скопје, за 2026 година и вкупната сума зависи од бројот на одобрени и издадени билети.

Средствата за годишните билети  со партиципација се обезбедуваат и од средствата на здруженијата на граѓани во кои членуваат корисниците на билетите.
Оваа програма има отворен карактер, со можност за финансиска поддршка и учество на ресорните министерства и општините во Скопје со средства од нивните буџети, со цел финансирање на повластеното користење на јавниот градски превоз од страна на лица со попреченост, жители на соодветните општини.

**7. Завршна одредба**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје”.

Број ____________2025 година
Скопје

С О В Е Т  Н А  Г Р А Д   С К О П Ј Е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Проф.Д-р. Даме Димитровски

**Образложение**

Правниот основ за донесување на Програмата за повластено користење на јавниот градски превоз, од страна на лица со попреченост, во 2026 година, произлегува од членот 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 202/24) и член 10 став 1 точка 8 алинеја 1 од Законот за градот Скопје ("Службен весник на Република Македонија" бр. 55/04, 158/11) а во врска со членот 11 , став 1 алинеја 7 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. (104/19, 146/19, 275/19, 302/20,311/20, 163/21, 294/21 и 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25).

Согласно одредбите на овие членови, во надлежност на Град Скопје е остварување на социјална грижа и заштита. Во организирањето и обезбедувањето на спроведувањето на социјалната заштита, Град Скопје преку Советот на Град Скопје, има право да предлага програми преку кои ќе го олеснува остварувањето на потребите на граѓаните кои живеат во него.

Остварувањето на социјалната грижа за определени категории на лица, преку повластениот превоз се практикува повеќе години наназад. Карактеристично беше што од година в година се зголемуваше бројот на барања и сумата за нивно исплатување. Со цел да се помогне во остварувањето на нивните потреби, Советот на Град Скопје во 2007 година за прв пат донесе Програма во која се утврдуваат видовите на повластено користење на јавниот градски превоз на подрачјето на град Скопје, категориите на лица со попречености кои имаат право на повластено користење на јавниот градски превоз, услови и постапка за стекнување на право на повластено користење на јавниот градски превоз, средствата потребни за реализирање на програмата и други прашања во врска со користење на правото.

Всушност, како облик на социјална заштита, со програмата, особено, се определуваат видовите на повластеното користење на јавниот градски превоз, со кои се опфаќа правото на: бесплатен годишен билет, бесплатен годишен билет со придружба, персонализирани годишни билети и годишен билет со партиципација.

Во постапка за спроведување на Програмата за повластено користење на јавниот градски превоз на подрачјето на Град Скопје, од страна на лица со попреченост, за 2025 година беа поднесени 2477 барања од 48 организации, а утврдените критериуми ги исполнија 2431 лица.

Во текот на реализацијата на програмата во изминатите години беше формирана база на податоци, која овозможува да се прават прецизни анализи: анализа на бројот на корисници на годишни автобуски билети по општини, анализа по разни основи, како и пресметка на потребните финансиски средства за нивна исплата.

Оваа база на податоци помогна и во унапредувањето на Програмата за повластено користење на јавниот градски превоз од 2008 па се до 2025 година и правилна распределба на годишни автобуски билети.

Средствата потребни за реализирање на Програмата се обезбедуваат во Буџетот на Град Скопје, како и од средствата на здруженијата на граѓани во кои членуваат лица на кои им е одобрено

користење на билети (во делот на 30% од цената за годишните билети со партиципација).

Во реализација на оваа програма своја финансиска поддршка и придонес можат да дадат ресорните министерства и општините во Скопје со средства од нивните буџети, со цел финансирање на повластеното користење на јавниот градски превоз од страна на лица со попреченост, жители на соодветните општини.

Се предлага, Советот на Град Скопје да ја донесе Програмата за повластено користење на јавниот градски превоз, од страна на лица со попреченост во 2026 година.